

## ДЕЛ ОД ЖИВОТОТ И ПОСТИГНУВАЊАТА НА АРХИЕПИСКОПОТ НА МПЦ-ОА Г.Г. МИХАИЛ

Американско-канадската епархија е една од четирите задгранични епархии на Македонската православна црква.  Формирана на Третиот црковно-народен собор одржан во Охрид од 16 до 18 август 1967 година. Прв нејзин епархиски архијереј бил митрополитот Кирил, кој 20 години ја управувал епархијата (1967 -1987). Од 1987 до април 1989 година митрополитот Стефан ја носел титулата Американско-канадски; од април 1989 до 1992 година, епархијата ја администрирал архиепископот Гаврил, а потоа   епархијата била под административна надлежност на Синодот.

Архиепископот Михаил го презел администрирањето од 1993 -1999 година, а

архиепископот Стефан од 1999 до 2006, додека митрополитот Американско-канадски Методиј (Златанов) од 2006 до денес.

Имено, веднаш по Црковно-народниот собор во Охрид од 1958 година, а особено по Соборот од 1967 година, до раководството на МПЦ многу позасилено почнаа да пристигнуваат голем број честитки со целосна поддршка на значајните историски оживотворувачки настани за Македонската света црква и со многу барања за формирање бројни македонски црковни општини. Тие почнаа да се претвораат во најсилното оружје против сите оние кои посегаа по светоста, името и достоинството на народот наш македонски.

Македонците од сите делови на поделена Македонија во иселеништвото, градејќи го грандиозното црковно-духовно и културно-просветно сенародно македонско дело, се изградуваат, се интегрираат и стануваат чесни, трудољубиви, лојални граѓани на нивните нови татковини. Но, притоа не заборавајќи да си останат горди и верни синови и ќерки на Македонија и на својата мајка - Светиклиментовата македонска православна црква. Со севкупните богати активности тие се трудат да станат, а и се, вистински мост на искрено пријателство и соработка меѓу земјите во кои живеат и родната татковина Македонија.

Затоа, свештеникот Методи Гогов (архиепискот Михаил) тамошните медиуми го нарекувале поп што лета бидејќи работел и неуморно патувал - ги создавал првите црковни општини во Австралија.

Во врска со активностите како продолжение на духовно-национално поле на Северно-американскиот континент, треба да се одбележи дека останува во аналите светол датум 12 септември 1981 година за Македонците во САД и Канада.

На тој ден во МПЦ „Свети Димитрија” во Рочестер, во државата Њујорк, митрополитот г. Кирил ги потпиша документите и го означи законското регистрирање на Епархијата во присуство на видни личности од македонските заедници, свештени лица и пред американски адвокат.

Имено, по одржувањето на молитвата во храмот „Свети Димитрија”, во хотелот

„Американа”, во кој се наоѓаше канцеларијата на адвокатот, со потписите на архијерејот и архијерејскиот заменик, првпат надвор од границите на Македонија се озакони и се призна епархија на Македонската православна црква. Во тој период, Епархијата ја сочинуваа околу 15 црковни општини со десетина парохиски свештеници. Со тоа Епархијата стана и нераскинлив дел на мајката Светиклиментова црква во Македонија.

Веста за регистрирањето на Епархијата брзо се разгласи преку средствата за јавно информирање на македонските, во американските и канадските медиуми. Меѓутоа, посебно внимание на овој настан посвети њујоршкиот дневен весник „Тајмс Јунион”, на чии страници беше објавено законското регистрирање на Епархијата, постоењето на Македонската православна црква – Охридска архиепископија и на македонската нација во целина.



Една од најважните активности на Американско-канадската епархија е Црковно-народниот собир, кој се одржува секоја година од 1975 година. Првиот собир се одржа во Торонто во 1976 година. Во оваа Епархија до денес се отворени вратите на

над 40 цркви и два манастира, во кои служат 30 македонски свештенослужители и еден надлежен архијереј.

Идејата за одржување на црковно-народните собири на македонските доселеници коишто живеат во САД и во Канада, произлезе од македонската етничка заедница во Гери, Индијана, поточно од црквата „Свети Петар и Павле”. Идејата беше прифатена од членството на црквата, а потоа и од другите македонски православни цркви.

Така, на 19 и 20 мај  1975 годинаво црквата „Успение на пресвета Богородица”, во Колумбос, Охајо се одржа средба на која беше договорено секоја година да се одржува црковно-народен собир во разни места, односно градови во Северна Америка, каде што има македонски православни цркви.

Основната цел на овој собир треба да биде зацврстувањето на единството на македонските иселеници, како и јакнење и унапредување на дејноста на Епархијата. Се одлучи Собирот да се одржува секоја прва сабота и недела во септември во деновите на празникот „Ден на работникот” и да трае два дена.

Првиот црковно-народен собир на Американско-канадската македонска православна епархија се одржа во Торонто, во 1975 година. Досега организатор, односно домаќин на собирите неколку пати биле македонските цркви во Торонто, Колумбос, Хамилтон, Гери, Детроит, Пасаик, Чикаго, Бафало, Виндзор, Сиракуз, Мисисага и Кливленд.

Јубилејниот 40. црковно-народен собир на Американско-канадско-македонската епархија се одржа во црквата „Успение на пресвета Богородица” во Детроит, Мичиген, на кој земаа учество сите македонски православни цркви  од Соединетите Американски Држави и Канада. Присуството на Македонците од сите делови на Македонија беше на високо ниво,

Собирот на Американско-канадска епархија за 2017 година се одржа во Торонто, а домаќин беше првата македонска православна црква во Канада, катедралниот храм „Свети Климент Охридски”.

***Продолжува***



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**